# АНАЛИЗА НА АКЦИЗИТЕ НА ГОРИВАТА И ПРЕДЛОГ АНТИ-КРИЗНА МЕРКА ВО НАСОКА НА СПРАВУВАЊЕ СО ПОСЛЕДИЦИТЕ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД COVID-19

## ВОВЕД

Состојбата во светот предизвикана од вирусот Covid-19 и прогласувањето на пандемија од страна на СЗО, доведе до воспоставување на сеопфатни мерки за превенција на населението од масовни зарази вклучително и затворање на границите и аеродромите за проток на патници, како и забрани и ограничувања на движењата на населението во државата. Тој сет на мерки доведе до намалување на стопанските активности, намалена потрошувачка, а со тоа и промена во динамиката и обемот на приливите на средствата во буџетите на скоро сите земји во светот. Овие состојби доведоа и до драстичен пад на цените на нафтените деривати на светско ниво, при што цената на барел нафта од просечни 55$ се спушти на околу 18$ за барел со тенденција на пад.




## СОСТОЈБИ ВО ЗЕМЈАТА

Во услови на светска криза, во нашата земја која е увозник на нафтени деривати, а согласно методологијата за утврдување на највисоките малопродажните цени на одделни нафтени деривати која ја спроведува Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, се случи логичен пад на малопродажните цени на горивата. Почнувајќи од крајот на февруари 2020 година малопродажните цени на нафтените деривати започнаа процес на нагло опаѓање кое сеуште трае. Во просек малопродажните цени на горивата во овој период во нашата земја се намалени за околу 30%, што претставува намалување (разлика) од -20 ден/лит за бензините и од -18 ден/лит за дизел горивото.




Дополнително во услови на вонредна состојба и ограничување на движењето на населението, се случи и пад на потрошувачката на нафтените деривати, кој директно влијаеше на намалување на буџетските приходи од акцизите.

| | 09.01.2020 | 07.04.2020 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на гориво** | **максимум** | **минимум** | **Пад** | **Разлика** | **ДДВ разлика** | **Акциза** |
| ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 68,50 ден/лит | 48,00 ден/лит | -30% | 20,50 ден/лит | -3,69 ден/лит | 21,692 ден/лит |
| ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 70,50 ден/лит | 50,00 ден/лит | -29% | 20,50 ден/лит | -3,69 ден/лит | 21,692 ден/лит |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 63,00 ден/лит | 45,00 ден/лит | -29% | 18,00 ден/лит | -3,24 ден/лит | 15,121 ден/лит |
| ЕКСТРА ЛЕСНО (ЕЛ-1) | 52,00 ден/лит | 33,50 ден/лит | -36% | 18,50 ден/лит | -3,33 ден/лит | 6,136 ден/лит |

Во вакви услови, се појави непланиран пад на приходите од нафтените деривати (акцизи, ДДВ и надоместоци), а особено во делот на приходите од ДДВ за нафтените деривати заради значително намалените малопродажни цени на горивата и дополнително заради намалените количини. Сето тоа создаде потешкотии во делот на реализацијата на планираните буџетски приходи, а со тоа и сервисирањето на буџетските расходи и антикризните мерки кои Владата ги донесе и ги спроведува во услови на вонредна состојба.

Согласно анализите на податоците направени по овие две основи, вкупниот пад на малопродажните цени на горивата од јануари до почетокот на април оваа година за околу 30% предизвика директен пад од приливот по основ на ДДВ. Само во месец Март 2020 година падот на ДДВ во просек изнесува околу 19 милиони денари, додека кај дизелот изнесува околу 115 милиони денари или вкупно помал ДДВ за околу 134 милиони денари (~2,2 мил. евра).




Дополнително во периодот на Март 2020 забележан е пад и на количините на нафтените деривати пуштени во слободен промет за -14% кај бензините и за -11% пад кај дизел горивото, споредено со количините од истиот месец минатата година. Сето тоа придонесе за вкупен пад на приходите само од акцизите за нафтените деривати од вкупно 113 милиони денари (~1,8 мил. евра).

Споредено со месец Март минатата година вкупниот пад на приходи од акцизи и ДДВ, имајќи ги предвид намалените количини и намалените износи на малопродажните цени на горивата, е пресметан на околу 247 милиони денари (~4,1 мил. евра) со тенденција на продолжен пад и во наредниот период.

## СОСТОЈБИ ВО РЕГИОНОТ

| Април 2020 г. | ДИЗЕЛ | | | | Мин. акциза ЕУ | | разлика акцизи | ДДВ | | Акциза за (транспорт) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Цена | | Акциза | | разлика | | | | | |
| | еур | ден | 1000 л. | ден | еур | ден | ден | % | ден | ден |
| С. МАКЕДОНИЈА | 0,73 € | 45,00 ден | 245,71 € | 15,12 ден | -0,08 € | -5,19 ден | | 18% | 8,10 ден | |
| РОМАНИЈА | 0,89 € | 54,77 ден | 342,10 € | 21,05 ден | 0,01 € | 0,74 ден | 5,9 ден | 19% | 10,41 ден | -2,46 ден |
| ПОЛСКА | 0,91 € | 56,00 ден | 336,81 € | 20,73 ден | 0,01 € | 0,42 ден | 5,6 ден | 23% | 12,88 ден | |
| УНГАРИЈА | 0,92 € | 56,62 ден | 337,09 € | 20,74 ден | 0,01 € | 0,44 ден | 5,6 ден | 27% | 15,29 ден | -0,64 ден |
| ЦРНА ГОРА | 0,96 € | 59,08 ден | 440,00 € | 27,08 ден | 0,11 € | 6,77 ден | 12,0 ден | 21% | 12,41 ден | |
| ЧЕШКА | 0,98 € | 60,31 ден | 425,41 € | 26,18 ден | 0,10 € | 5,87 ден | 11,1 ден | 21% | 12,66 ден | |
| БУГАРИЈА | 0,99 € | 60,92 ден | 330,30 € | 20,33 ден | 0,00 € | 0,02 ден | 5,2 ден | 20% | 12,18 ден | |
| ХРВАТСКА | 0,99 € | 60,92 ден | 412,89 € | 25,41 ден | 0,08 € | 5,10 ден | 10,3 ден | 25% | 15,23 ден | -5,10 ден |
| СЛОВЕНИЈА | 1,02 € | 62,77 ден | 468,99 € | 28,86 ден | 0,14 € | 8,55 ден | 13,7 ден | 22% | 13,81 ден | -3,86 ден |
| АВСТРИЈА | 1,06 € | 65,23 ден | 425,00 € | 26,15 ден | 0,10 € | 5,85 ден | 11,0 ден | 20% | 13,05 ден | |
| ГЕРМАНИЈА | 1,12 € | 68,92 ден | 485,70 € | 29,89 ден | 0,16 € | 9,58 ден | 14,8 ден | 19% | 13,10 ден | |
| Б и Х | 1,13 € | 69,54 ден | 280,61 € | 17,27 ден | -0,05 € | -3,04 ден | 2,1 ден | 17% | 11,82 ден | |
| КОСОВО | 1,18 € | 72,62 ден | 360,00 € | 22,15 ден | 0,03 € | 1,85 ден | 7,0 ден | 18% | 13,07 ден | |
| ГРЦИЈА | 1,19 € | 73,23 ден | 410,00 € | 25,23 ден | 0,08 € | 4,92 ден | 10,1 ден | 24% | 17,58 ден | |
| СРБИЈА | 1,27 € | 78,16 ден | 480,69 € | 29,58 ден | 0,15 € | 9,27 ден | 14,5 ден | 20% | 15,63 ден | -4,65 ден |
| АЛБАНИЈА | 1,34 € | 82,46 ден | 290,00 € | 17,85 ден | -0,04 € | -2,46 ден | 2,7 ден | 20% | 16,49 ден | |
| ИТАЛИЈА | 1,40 € | 86,16 ден | 617,40 € | 37,99 ден | 0,29 € | 17,69 ден | 22,9 ден | 22% | 18,95 ден | |

Пред почетокот на анализите, обработени се податоците за движење на малопродажните цени на нафтените деривати во соседството и во поширокиот регион, при што е јасно констатирано дека цената на горивото во нашата земја е најниско во поширокиот регион и во Европа.

Пониска цена во моментот има само Турција за 0,07 еур/лит. На пример за споредба цената во Србија е повисока за 25 ден/лит, во Косово е повисока за 26 ден/лит., во Албанија за 34 ден/лит. во Грција за 38 ден/лит а во Бугарија за 10 ден/лит.




Во нашата земја имаме и најниски износи на акцизата за дизел горивото во регионот и во ЕУ. На пример за споредба акцизата во Србија е повисока за 14,5 ден/лит, во Косово е повисока за 7 ден/лит., во Албанија за 2,7 ден/лит. во Грција за 10,1 ден/лит а во Бугарија за 5,2 ден/лит.

Во однос на минималната акциза пропишана во земјите членки на ЕУ утврдена на износ од 330 еур за 1.000 литри дизел гориво, нашата земја повторно е со најнизок износ од 245,7 еур за 1.000 литри. Исто така понисок износ има и Албанија со износ од 290 еур за 1.000 литри и БиХ со износ од 280,6 еур за 1.000 литри.

Во делот на ДДВ исто така сме со најниска стапка од останатите земји во регионот. Пониска стапка од 17% за ДДВ има само Босна и Херцеговина. Нашата земја по тој основ остварува најмал приход од ДДВ за дизел горивото од само 8 ден/лит, додека сите останати земји се над 10 ден/лит.




Во делот на поврат за акцизата за дизел горивото користено во транспортни цели, износите за поврат на пример во Србија е 4,65 ден/лит при акциза од 29 ден/лит, во Хрватска е 5,1 ден/лит при акциза од 25,4 ден/лит, во Словенија 3,86 ден/лит при акциза од 28,9 ден/лит, а во Унгарија само 0,64 ден/лит при акциза од 20,5 ден/лит. Доколку и овие износи се вкалкулираат во износот на акцизите за дизел горивото, повторно нашата земја има најнизок износ на акциза за дизел горивото во регионот и пошироко.

Во овој контекст треба да се напомене дека воспоставувањето на систем за поврат на акциза за гориво користено во транспортни цели треба да се усогласи со Директивата 2003/96/ЕЗ, при што претходно треба да се воспостави и минимален износ на акциза од 330 евра за 1.000 литри дизел гориво, што би значело минимален износ на акциза за дизел гориво од 20,3 ден/лит,

односно зголемување од 5,2 ден/лит во однос на тековниот износ од 15,121 ден/лит. Поврат се воспоставува на разликата од минималниот и од пропишаниот, кој по логика треба да е повисок од 330 евра за 1.000 литри, односно повисок од 20,3 ден/лит. Како земја која стапува во преговори за влез во ЕУ, усогласувањето на европското законодавство треба да се почитува и соодветно да се имплементира во периодот кој следи, но претходно уредувајќи ги и останатите состојби во делот на местата за продажба и дистрибуцијата на горивата за транспорт во земјата.

Слична е состојбата и со бензините, при што треба да се напомене дека повторно нашата земја има најниски малопродажни цени на бензините во регионот и пошироко, така во соседна Србија цената е 73 ден/лит, во Косово 74 ден/лит, во Албанија 82 ден/лит, во Бугарија 58 ден/лит, а во соседна Грција 85 ден/лит.

Во делот на акцизите имаме најниски износи на акцизата за бензините во регионот и во ЕУ, освен во однос на БиХ каде акцизата е пониска за 2,3 ден/лит и Косово за 1 ден/лит. Во Србија акцизата за бензините е повисока за 8,2 ден/лит, во Албанија за 2,9 ден/лит. во Грција за 21,9 ден/лит а во Бугарија за 1,2 ден/лит.

Во однос на минималната акциза пропишана во земјите членки на ЕУ утврдена на износ од 359 еур за 1.000 литри дизел гориво, нашата земја повторно е со најнизок износ од 343,5 еур за 1.000 литри. Понисок износ има Косово со износ од 325 еур за 1.000 литри и БиХ со износ од 306 еур за 1.000 литри.

| Април 2020 г. | БЕЗОЛОВЕН БЕНЗИН | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Цена | | Акциза | | разлика |
| | еур | ден | 1000 лит. | ден/лит | ден/лит |
| С. МАКЕДОНИЈА | 0,78 € | 48,00 ден | 343,45 € | 21,14 ден | |
| УНГАРИЈА | 0,81 € | 49,85 ден | 366,42 € | 22,55 ден | 1,4 ден |
| ПОЛСКА | 0,88 € | 54,16 ден | 444,36 € | 27,35 ден | 6,2 ден |
| РОМАНИЈА | 0,92 € | 56,62 ден | 373,27 € | 22,97 ден | 1,8 ден |
| БУГАРИЈА | 0,94 € | 57,85 ден | 363,02 € | 22,34 ден | 1,2 ден |
| ЧЕШКА | 0,97 € | 59,69 ден | 498,83 € | 30,70 ден | 9,6 ден |
| ЦРНА ГОРА | 0,99 € | 60,92 ден | 549,00 € | 33,79 ден | 12,6 ден |
| СЛОВЕНИЈА | 1,03 € | 63,39 ден | 546,77 € | 33,65 ден | 12,5 ден |
| ХРВАТСКА | 1,05 € | 64,62 ден | 520,84 € | 32,05 ден | 10,9 ден |
| АВСТРИЈА | 1,08 € | 66,46 ден | 515,00 € | 31,69 ден | 10,6 ден |
| Б и Х | 1,13 € | 69,54 ден | 306,12 € | 18,84 ден | -2,3 ден |
| СРБИЈА | 1,19 € | 73,23 ден | 476,77 € | 29,34 ден | 8,2 ден |
| КОСОВО | 1,21 € | 74,46 ден | 325,00 € | 20,00 ден | -1,1 ден |
| ГЕРМАНИЈА | 1,24 € | 76,31 ден | 669,80 € | 41,22 ден | 20,1 ден |
| АЛБАНИЈА | 1,34 € | 82,46 ден | 390,00 € | 24,00 ден | 2,9 ден |
| ГРЦИЈА | 1,39 € | 85,54 ден | 700,00 € | 43,08 ден | 21,9 ден |
| ИТАЛИЈА | 1,50 € | 92,31 ден | 728,40 € | 44,83 ден | 23,7 ден |

## ПРЕДЛОГ АНТИ-КРИЗНИ МЕРКИ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ ОД ГОРИВАТА

Анализите на светските берзи и предвидувањата за движењето (падот) на цените на нафтените деривати, состојбата со континуираниот пад на малопродажните цени на горивата и падот на потрошувачката во нашата земја, а со тоа и пад на приходите по основ на акцизите и по основ на ДДВ беа клучни елементи да започне постапка за изнаоѓање и за воспоставување на заштитна анти кризна мерка и воспоставување механизам за одржување на одреден континуитет на приходите во буџетот преку зголемување на износите на акцизите за горивата. Имајќи ги предвид претходно направените анализи на состојбите со цените на горивата во регионот, висината на акцизите и ДДВ во повеќето земји во регионот, видно е дека по сите основи нашата земја има најниски малопродажни цени, најниски износи на акцизи и најнизок износ на ДДВ. Сите овие компоненти јасно ставаат до знаење дека состојбата во делот на падот на приходите од горивата во нашата земја во моментот се најизразени во однос на земјите од регионот. Тоа дава основа да се планира зголемување на износот на акцизата а со цел да се ублажи падот на приходите од ДДВ кои е најизразен во овој момент, а со цел делумно стабилизирање на буџетските приходи од горивата.

Позитивен аспект кој оди во прилог на воспоставување на антикризна мерка во услови на пад на цената на нафтените деривати на светските берзи е моментот на драстичен пад на малопродажните цени на горивата од 20 денари за литар бензин и 18 денари за литар дизел гориво, а кои повторно се

најизразени во нашата земја од земјите во регионот. Во целата кризна ситуација, тоа е позитивен аспект кој директно овозможува стопанството и населението и покрај можно зголемување на акцизата да ги почуствуваат намалувањата на цените на горивата и да направат соодветни заштеди во рамки на своите стопански активности, а буџетските приходи во услови на криза делумно да бидат надополнети.

Во делот на утврдување на висината на акцизата која треба да се зголеми, направени се неколку сценарија во кои се направени симулации на движењата на малопродажните цени на горивата во наредниот период, како и вкрстени сценарија и за намалени количини на нафтени деривати кои би се продавале во периодот за време и после време на кризата, односно до крајот на годината. Во тие сценарија вграден е заштитен механизам за задржување на малопродажните цени на горивата во рамки на цените од пред почетокот на кризата.

Како резултат на таквите анализи и симулации, како анти-кризна мерка утврден е механизам кој ќе ја одредува акцизата во зависност од движењето на цената на дериватите на светските берзи. Крајните граници се поставени на износите на горивата на светските берзи пред почетокот на кризата во јануари 2020 година врз основа на кои се планирани и приходите за 2020 година и износите на горивата на светските берзи во април 2020 година кога е правена оваа анализа, со претпоставка дека цените на светскиот пазар во наредните месеци ќе се стабилизираат.

Поедноставно кажано, во услови на ниски цени на нафтените деривати на светските берзи, износот на акцизата е таргетиран да се зголеми за +3 ден/лит во однос на редовната акциза, за средни цени на светските берзи да се намали за -1 ден/лит од претходно зголемената акциза, а при високи цени на светските берзи, односно нормализирање на цените на пазарот на условите и времето како пред почетокот на кризата, целосно укинување на зголемената акциза, односно враќање на акцизата на пропишаното законско ниво од 21,136 ден/лит за бензините и 15,121 ден/лит за дизел горивото. Предлогот подразбира зголемена акциза само во период кога има значителен пад на цените на дериватите на светките берзи.

Следењето на цените на дериватите е во рамки на редовните активности на Регулаторната комисија, за што е предложен механизам за утврдување на акцизата на секои две недели со следната динамика на промена на акцизите, и тоа:

**Акцизата за безоловните бензини Еуросупер БС 95 и Еуросупер БС 98** да се пресметува според следната формула:

$$АБ = ОАБ + ДАБ,$$

при што:

- АБ е  Акциза за безоловен бензин изразен во денари за литар;
- ОАБ е износ на основната акциза за безоловен бензин искажана во денари за литар и
- ДАБ е износ на дополнителната акциза за безоловен бензин искажана во денари за литар, чиј износ зависи од средната дневна берзанска цена на Prem Unl 10ppm на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan.

Износот на основната акциза за безоловен бензин – ОАБ изнесува 21,692 денари за литар, додека износот на дополнителната акциза за безоловен бензин – ДАБ, ќе се утврдува на следниот начин:

1) доколку средната дневна берзанска цена на Prem Unl 10ppm на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan е помала или еднаква на 390 USD/ton, износот на ДАБ е 3 денари за литар;

2) доколку средната дневна берзанска цена на Prem Unl 10ppm на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan е поголема од 390 USD/ton но помала или еднаква на 590 USD/ton, износот на ДАБ е 2 денари за литар и
3) доколку средната дневна берзанска цена на Prem Unl 10ppm на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan е поголема од 590 USD/ton, износот на ДАБ е 0 денари за литар.

**<u>Акцизата за дизел горивото Еуродизел БС</u>** се пресметува според следната формула:

АД = ОАД + ДАД,

при што:

- АД е акциза за дизел горивото Еуродизел БС изразен во денари за литар;
- ОАД е износ на основната акциза дизел горивото Еуродизел БС искажана во денари за литар
- ДАД е износ на дополнителната акциза за дизел горивото Еуродизел БС искажана во денари за литар, чиј износ зависи од средната дневна берзанска цена на 10 ppm ULSD на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan.

Износот на основната акциза за дизел горивото Еуродизел БС – ОАД изнесува 15,121 денари за литар, додека износот на дополнителната акциза за дизел горивото Еуродизел БС – ДАД, се утврдува на следниот начин:

1) доколку средната дневна берзанска цена на 10 ppm ULSD на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan е помала или еднаква на 400 USD/ton, износот на ДАД е 3 денари за литар;
2) доколку средната дневна берзанска цена на 10 ppm ULSD на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan “ е поголема од 400 USD/ton но помала или еднаква на 600 USD/ton, износот на ДАД е 2 денари за литар и
3) доколку средната дневна берзанска цена на 10 ppm ULSD на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan е поголема од 600 USD/ton, износот на ДАД е 0 денари за литар.

Со вака воспоставен механизам, износот на зголемената акциза во корелација со малопродажната цена на горивата во моментот ќе остане да биде мал износ кој ќе ја зголемува малопродажната цена, така да во услови на зголемена акциза од само +3 денари повторно ќе остане намалувањето од 17 односно 15 денари по литар пониски цени на горивата. При зголемување на цените механизмот ќе ја намалува акцизата и ќе ги одржува разликите во малопродажната цена на ниво кое нема да влијае негативно на малопродажните цени на горивата.

Имајќи предвид дека поголем дел од транспортните компании во нашата земја имаат склучени договори со поголемите дистрибутери на нафтени деривати на нашиот пазар за купување гориво по пониски цени од редовните, при што договорените малопродажни цени се движат од 3 до 6 денари пониски од редовните, повторно останува вкупна разлика од околу 7-9 денари во однос на малопродажните цени пред почетокот на кризата, кој износ овозможува баланс на приходите и расходите поврзани со потрошувачката на горивата имајќи ги предвид и цените на горивата во регионот и пошироко.

## ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ВО НАРЕДЕН ПЕРИОД

Имајќи ги предвид претходно опишаните механизми, како и предвидувањата кои се правени во услови на криза, намалена потрошувачка на горива и намалени малопродажни цени на горивата, направени се неколку вкрстени сценарија за приходите кои можат да се очекуваат во наредните месеци.

Во рамки на Анализата на акцизите, основниот акцент е ставен на корекција на загубите од приходите за ДДВ кои се случуваат заради ниските малопродажни цени на горивата кои директно влијаат на намалените приходи во буџетот.

РЕАЛИЗАЦИЈА (јануари - март 2020) + ПЛАНИРАНИ КОЛИЧИНИ до крај на 2020

| АНАЛИЗА 2020 | | НИСКИ ЦЕНИ НА ГОРИВА[1] | | | СРЕДНИ ЦЕНИ НА ГОРИВА[2] | | | ВИСОКИ ЦЕНИ НА ГОРИВА[3] | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | пад/раст | мил.ден. | мил.еур | пад/раст | мил.ден. | мил.еур | пад/раст | мил.ден. | мил.еур |
| -10% | АКЦИЗА | 2,5% | 374,48 | 6,09 | **1,7%** | **246,11** | **4,00** | 0,8% | 111,44 | 1,81 |
| | ДДВ | -23,5% | -2.430,25 | -39,49 | **-20,9%** | **-2.160,69** | **-35,11** | -18,2% | -1.886,39 | -30,65 |
| | **ВКУПНО** | **-8,2%** | **-2.055,77** | **-33,41** | **-7,6%** | **-1.914,58** | **-31,11** | **-7,1%** | **-1.774,95** | **-28,84** |
| -5% | АКЦИЗА | 8,0% | 1.177,14 | 19,13 | **7,1%** | **1.046,24** | **17,00** | 6,2% | 906,97 | 14,74 |
| | ДДВ | -19,9% | -2.056,25 | -33,41 | **-17,1%** | **-1.772,37** | **-28,80** | -14,3% | -1.481,27 | -24,07 |
| | **ВКУПНО** | **-3,5%** | **-879,11** | **-14,29** | **-2,9%** | **-726,13** | **-11,80** | **-2,3%** | **-574,29** | **-9,33** |
| -2% | АКЦИЗА | 11,4% | 1.676,33 | 27,24 | **10,5%** | **1.544,16** | **25,09** | 9,5% | 1.402,90 | 22,80 |
| | ДДВ | -17,6% | -1.824,81 | -29,65 | **-14,8%** | **-1.533,12** | **-24,91** | -11,9% | -1.232,86 | -20,03 |
| | **ВКУПНО** | **-0,6%** | **-148,48** | **-2,41** | **0,0%** | **11,04** | **0,18** | **0,7%** | **170,04** | **2,76** |

Треба да се има предвид дека предложениот механизам за корекции на акцизите во зависност од движењето на цените на дериватите на светските берзи, само делумно ги ублажува последиците од овие нагли падови на цената на дериватите. Реално е да се очекува дека вкупните приходи од акцизата и ДДВ до крајот на годината ќе бележат негативно салдо во споредба со изминатата година.

Можен позитивен биланс во приходите може да се очекува исклучиво доколку количините на горивата се во рамки на околу 2% помалку во однос на 2019 година и доколку се јави стабилизирање на цените на горивата од средни кон високи.

Согласно досегашните движења на светските берзи и прогласената вонредна состојба, треба да се очекува пад од најмалку 10 милиони евра во рамки на средни цени на горивата и во рамки на очекувани пониски количини од 5% во однос на изминатата година.

Доколку не се воспостави заштитен механизам, загубите во делот на вкупните приходи би се движеле помеѓу 65 милиони евра на годишно ниво во случај на ниски малопродажни цени и 10% помали количини во промет во однос на минатата година, до 28 милиони евра на годишно ниво во случај на високи малопродажни цени и 2% помали количини во промет во однос на минатата година.

1 под ниски цени се сматаат цени кај дизел горивото од 45-55 ден/лит, а кај бензините од 50-58 ден/лит
2 под средни цени се сматаат цени кај дизел горивото од 47-58 ден/лит, а кај бензините од 52-62 ден/лит
3 под високи цени се сматаат цени кај дизел горивото од 50-60 ден/лит, а кај бензините од 54-64 ден/лит

| РЕАЛИЗАЦИЈА (јануари - март 2020) + ПЛАНИРАНИ КОЛИЧИНИ до крај на 2020 | АНАЛИЗА 2020 без механизам | НИСКИ ЦЕНИ НА ГОРИВА | | | СРЕДНИ ЦЕНИ НА ГОРИВА | | | ВИСОКИ ЦЕНИ НА ГОРИВА | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | пад/раст | мил.ден. | мил.еур | пад/раст | мил.ден. | мил.еур | пад/раст | мил.ден. | мил.еур |
| -10% | АКЦИЗА | -10,6% | -1.562,28 | -25,39 | -10,6% | -1.562,28 | -25,39 | -10,6% | -1.562,28 | -25,39 |
| | ДДВ | -23,5% | -2.430,25 | -39,49 | -20,9% | -2.160,69 | -35,11 | -18,2% | -1.886,39 | -30,65 |
| | **ВКУПНО** | **-15,9%** | **-3.992,53** | **-64,88** | **-14,9%** | **-3.722,97** | **-60,50** | **-13,8%** | **-3.448,67** | **-56,04** |
| -5% | АКЦИЗА | -6,0% | -887,96 | -14,43 | -6,0% | -887,96 | -14,43 | -6,0% | -887,96 | -14,43 |
| | ДДВ | -19,9% | -2.056,25 | -33,41 | -17,1% | -1.772,37 | -28,80 | -14,3% | -1.481,27 | -24,07 |
| | **ВКУПНО** | **-11,8%** | **-2.944,21** | **-47,84** | **-10,6%** | **-2.660,34** | **-43,23** | **-9,5%** | **-2.369,23** | **-38,50** |
| -2% | АКЦИЗА | -3,2% | -468,52 | -7,61 | -3,2% | -468,52 | -7,61 | -3,2% | -468,52 | -7,61 |
| | ДДВ | -17,6% | -1.824,81 | -29,65 | -14,8% | -1.533,12 | -24,91 | -11,9% | -1.232,86 | -20,03 |
| | **ВКУПНО** | **-9,2%** | **-2.293,32** | **-37,27** | **-8,0%** | **-2.001,64** | **-32,53** | **-6,8%** | **-1.701,38** | **-27,65** |

Со предвидениот механизам за промена на акцизата согласно движењето на цената на светските берзи за дериватите, таа разлика да се преполови, при што во најлошото сценарио наместо загуба од 65 милиони евра истата би се позиционирала на околу 33 милиони евра загуба (најлошо сценарио) се до можно надминување на приходите од минатата година за 2,8 милиони евра за високи малопродажни цени на горивата во нашата земја и намалени количини на пазарот за околу 2%.

## ЗАКЛУЧОК

Имајќи ги предвид состојбите предзивикани од мерките кои се превземени за заштита на населението од вирусот Covid -19, намалените количини на горива кои се трошат во државата, падот и ниските цени на нафтените деривати, историски ниските цени на барел нафта на светските берзи, најниски износи на акцизите во нашата земја споредени со соседните земји и поширокиот регион, најниски малопродажни цени на дериватите во регионот и во ЕУ, најнискиот процент на ДДВ, разликата од над 20 ден/лит за бензините и од 18 ден/лит за дизел горивото во однос на цените на почетокот од годината, јасно укажуваат дека мора да се превземат итни мерки да се анулира надолниот тренд на опаѓање на приходите од акцизите и ДДВ за горивата со воспоставување на предложениот заштитен механизам. Износите се позиционирани да не ја загрозат благосостојбата на населението и на стопанските субјекти по ниеден основ. Од тука шпекулациите за негативни последици по населението и по стопанството од зголемувањето на акцизите се неосновани по сите горенаведени параметри.